СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр. 12-2241/10

Дата. 02-07-2025

Одговор на претставка со арх.бр.12-2241/1 од 12.05.2025 година од страна на група граѓани од с.Пештани, општна Охрид, а во врска со предметно барање за отстранување на казанот за печење на ракија во сопственост на МПЦ-ОА од плоштадот „Поленка“ во с.Пештани, општина Охрид.

До Министерството за животна средина и просторно планирање е доставена претставка со арх.бр.12-2241/1 од 12.05.2025 година од страна на група граѓани од с.Пештани, општна Охрид, а во врска со предметно барање за отстранување на казанот за печење на ракија во сопственост на МПЦ-ОА од плоштадот „Поленка“ во с.Пештани, општина Охрид,.

Од содржински наведеното на предметната претставка, станува збор за проблем од областа на животната средина за жителите во околната животна средина, штетен по нивното здравје заради чадот кој произлегува од самиот процес на печење ракија во казанот, поконкретно од горивото кое се употребува во процесот на печење.

Секторот за правни и општи работи-Одделение за постапување по претставки и предлози достави Барање на информација со арх.бр.12-2241/2 од 15.05.2025 година до општина Охрид – Одделение за заштита и влијание на животната средина по основ на кое од Раководителот на Одделението, Јасминка Т.Момироска е добиен одговор во форма на писмен допис со бр.21-8781/2 од 13.06.2025 година дека од страна на овластените инспектори за животна средина на општината е во во повеќе наврати постапувано за погоренаведениот проблем, односно до Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад на општина Охрид од страна на МПЦ-ОА било доставено Барање за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина за инсталацијата за производство на алхохолни пиалоци бр.1-21-3662 од 28.07.2018 година по основ на кое општината има издадено Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина бр.УП бр.1-21-3662 од 04.08.2018 година.

Секторот за правни и општи работи – Одделение за постапување по претставки и предлози ја проследи на надлежност и понатамошно постапување предметната претставка до Државниот инспекторат за животна средина со арх.бр.12-2241/7 на ден 16.06.2025 година, по основ на која Државниот инспекторат за животна средина се произнесе со Известување во форма на писмен допис со бр.29-715/2 од 23.06.2025 година дека овластениот инспектор за заштита на животната средина на општината има доставено Известување во форма на писмен допис до Државниот инспекторат за животна средина со бр.ИП1 37-817 од 05.06.2025 година дека казанот не работел. За извршениот инспекциски надзор, во прилог овластениот инспектор


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

за животна средина на општината има приложено записник со бр.ИП 1 37-756 од 20.06.2025 година.

Согласно Законот а животна средина и Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје, производството на алхохолни пијалоци е во надлежност на овластениот инспектор за животна средина на општина Охрид.

**По овластување на министер**

**Раководител на Сектор за правни и општи работи**
Билјана Тешева Ѓоргиевска

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Изработил:** Виш соработник,
Анета Михајловска


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk